РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

| Примено: 10.08.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Органиц.ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 18 | 1279/1 | | |

До: ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

(имател на информацијата)

БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од : [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата : /

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер :

**1.Фотокопија од АКТ – РЕШЕНИЕ ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА за објект-гаража на КП.бр.6004 КО Гевгелија.**

**2.Фотокопија од АКТ-ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ - доградба издадено за објект на КП.бр.6004 КО Гевгелија.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ПИСМЕН ОДГОВОР

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**10.08.2023 год.**
**Гевгелија**
**(ВНАТРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА)**

**До**
**Сектор за ѕрбанизам, комунални работи и заштита на животната средина**
**Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина**

Предмет: Барање за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Согласно член 8, став 3, од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. Весник на РСМ“ бр. 101/2019) и Процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, потребно е, во рок од пет (5) дена да ја доставите бараната информоција до службеното лице по електонски пат на истата електронска адреса.

Во Прилог: Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Гевгелија [redacted] Гевгелија на 10.08.2023 година.

Овластено лице
за постапување со информации
од јавен карактер
Томе Јанкуловски

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,
градежништво и заштита на животна средина
бр.11-439/2 од 14.06.2023год.
Ваш бр.________ од 09.06.2023год.

ДО
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
(за Томе Јанкуловски)

**ПРЕДМЕТ:** Информација

Во прилог на дописот, а по барање одговор заради обезведување слободен пристап до информации од јавен карактер на барање од [redacted] Ви ја доставуваме бараната информација.

До одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животна средина во законскиот рок за поднесување на барање за утврдување на правен статус на бесправен објект е поднесено од барателот [redacted]

Кон барањето е приложено комплетно документацијата која се бара и согласно Закон за постапување со бесправно изградени објекти (,,Сл. весник на РМ,, бр.23/2011, 54/2011,155/2012,53/2013,72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014 и 217/2015) е постапено и е изработено Решение Уп 1 бр.11-92 од 02.02.2016год. кое е спроведено во Агенцијата за катастар на недвижности-Одделение за катастар Гевгелија.

Прилог: Копија од Решение;

Со почит,

Изработил:
Ана Чугунџалиева,

Раководител на сектор:

Ирена Томчева,

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ,КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,градежништво
и заштита на животната средина

**Уп.1 број: 09-1459 од 02.03.2012год.**

Општина Гевгелија решавајќи по барањето на [redacted], поднесено под Уп.1 бр.09-1459 од 19.08.2011год. врз основа на чл.21 ст.(2) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„бр.23/11), а во врска со член 205 став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка („Сл.весник на РМ„ бр.38/05, 110/08 и 51/011) го донесува следното

# Р Е Ш Е Н И Е

## за утврдување на правен статус на бесправен објект

1. **СЕ УТВРДУВА** правен статус на бесправно изграден објект – индивидуален станбен објект кој се наоѓа на КП бр.6004 КО Гевгелија, запишан во Имотен лист бр.2740 кој објект е означен како:

   **Бр.на зграда 1, влез 1**, кат-подрум, намена на зграда: индивидуален станбен објект, внатрешна површина : **52,07м$^2$**, волумен: 140,оом$^3$.

   **Бр.на зграда 1, влез 1**, кат-приземје, намена на зграда: индивидуален станбен објект, внатрешна површина : 104,45м$^2$ + 20,95м$^2$ = **125,40м$^2$**, волумен: 350,оом$^3$.

   **Бр.на зграда 1, влез 1**, кат-01, намена на зграда: индивидуален станбен објект, внатрешна површина : 71,54м$^2$ + 10,00м$^2$ = **81,54м$^2$**, волумен: 240,оом$^3$

   **Бр.на зграда 2, влез 1**, кат-приземје, намена на зграда: о бјект - гаража, внатрешна површина : **70,71м$^2$**, волумен: 210,оом$^3$

2. Како носител на правото на сопственост на објектот од точка 1 од диспозитивот на ова решение се утврдува [redacted].

3. Составен дел на ова решение е Геодетскиот елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект бр.03-600/1 од 09.08.2011год. изработен од ДГР „Гео-Сат„ доо Гевгелија.

4. По правосилноста на ова решение истото претставува правен основ за запишување на правото на сопственост на објектот во јавната книга за запишување на правата на недвижностите а при запишувањето се прибележува дека објектот добил правен статус согласно Законот за постапување со бесправни изградени објекти.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот [redacted] поднесе барање Уп.1 бр.09-1459 од 19.08.2011год за утврдување на правен статус на бесправен објект означен како како индивидуален станбен објект на КП бр.2835/1 КО Гевгелија, со површина од **259,01м (станбен објект) и 70,71м$^2$ (гаража).**

Барателот со барањето достави:

- Копија од лична карта;
- Доказ за приклучок на комунална инфраструктура, односно сметки за јавни услуги;
- Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправниот објект со имотен лист за земјиштето изработен од ДГР„Гео-Сат„ доо Гевгелија со бр.03-600/1 од 09.08.2011год.
- Записник за извршен увид на самото место бр.09-1459 од 25.01.2012год.
- Урбанистичка согласност Уп1 бр.09-1459 од 03.02.2012год.
- Пресметка за платен надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект бр.10-284/2 од 15.02.2012год. издаден од Одделение за комунални работи и локални патишта.

Градоначалникот на Општина Гевгелија, по разгледувањето на приложената документација, извршениот увид на лице место, увидот од урбанистичката согласност, констатира дека се исполнети условите за донесување на решение за утврдување на правен статус на бесправниот објект.

Врз основа на горе изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против Решението на Градоначалникот на единицата на локална самоуправа за утврдување на правен статус на бесправен објект и за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,оо ден. административни такси.

Таксата согласно Законот за административни такси во износ од 300,оо денари е наплатена и приложена со барањето.

*Доставено до:*
- Барател
- Архива

Советник:
_______________
арх.Ана Чупуналиска

Раководител на одделение
_______________
арх.Станка Карајанова

Раководител на сектор
_______________
арх.Панче Киров

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
_______________
Иван Франгов

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Одделение за урбанизам,градежништво,
архитектура и заштита на животната средина
РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
дата: 19.03.2012

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 10.08.2023 година, имателот на информацијата Општина Гевгелија го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр.18-1279/1 од 10.08.2023 год., доставено до имателот на информации Општина Гевгелија,
Се УВАЖУВА.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] поднесено на 10.08.2023 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр.18-1279/1 од 10.08.2023 год., имателот на информацијата Општина Гевгелија позитивно одговори на поднесеното барање кое се однесува на барање до општинската администрација, односно барање на информации за:

- Решение за легализација на објект-гаража на КП.бр.6004 КО Гевгелија

Барањето е разгледано и на барателот му се доставува одговорот на барањето.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Гевгелија, 17.08.2023 година, под бр. 18-1279/3

По овластување
на Градоначалник на Општина Гевгелија
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Томе Јанкуловски

Градоначалник
на Општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 18-1279/2**
**17.08.2023 год.**
**Гевгелија**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Гевгелија

**ВРСКА:** архивски број на примено барање 18-1279/1 од 10.08.2023 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019), а во врска со вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, во прилог ви се доставува:

- Одговор од Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, Одделение за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина бр.11-594/2 од 16.08.2023 год.
- Скенирано Решение за утврдување на правен статус на бесправен објект УП1 бр.09-1459 од 02.03.2012 год. (со анонимизирање на ЕМБГ)
- Решение на бараната информација

Со почит,

Изготвил:
Томе Јанкуловски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Доставено до:
- насловот
- архива

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk